# 50 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО



"КРИЛАТИ ЈАВАЧ" линорез

# Момчило Аврамовски



Извонреден ликовен педагог, голема инвентивна, креативна и пред сé, импулсивна личност се главните карактеристични црти на Момчило Аврамовски - ликовен творец којшто повеќе од пет децении ја збогатува македонската уметност и култура. Работејќи професионално од 1958 година, па сé до денес, остави неизбришливи траги на кумановското и македонското ликовно небо. Момчило Аврамовски е роден 1935 г. во Куманово. Основите на ликовното образование ги стекнува преку завршување на Училиштето за применета уметност во Скопје, како и Вишата педагошка школа и ФЛУ - Скопје. Оформувањето на неговиот авторски идентитет и неговата ликовна едукација е под големо влијание на академските сликари Кирил Караџа, Драгутин Аврамовски Гуте, Трајче Јанчевски и др. Првото претставување на Момчио Аврамовски е на групната изложба на ДЛУК во 1958 год., а 1968 година станува член на ДЛУМ и започнува неговото континуирано учество на изложбите што ги организира друштвото. За својата повеќегодишна работа Аврамовски е добитник на повеќе награди и признанија меѓу кои: награда за сликарство на изложбите на ДЛУК 1969, 1981, 1982, 1983 и 1984 година; 1973 год. Ноемвриска награда за педагашка работа; 1975 год. Орден на труд на Претседателот на СФРЈ; 1989 год. награда за сликарство на ДЛУК; 1998 год. Ноемвриска награда за сликарство и ширење на ликовна култура во Куманово на полето на ликовната педагогија како и голем број признанија и награди во странство.

Во своето повеќедецениско работење авторот даде огромен придонес и во областа на ликовната педагогија и култура. За својата успешна работа како професор по ликовната уметност добитник е и на звањето ,,Особено истакнат педагошки работник". Аврамовски изврши големо влијание на помладите ганерации, едуцирајќи ги и пренсувајќи им ја својата страст и енергија кон ликовната уметност. Како резултат на тоа, дел од неговите ученици денеска се познати ликовни творци, ликовни педагози, интелектуалци и работници во културата. Тој е ретка личност со богат и широк дијапазон на интерес и творечки можности кој зема учество и на огромен број на групни изложби во земјата и странство, на странски и домашни ликовни колонии, ликовни проекти, меѓународни конкурси и др. Самостојно излага во Куманово, Прилеп, Битола, Струмица, Кочани, Делчево и др.

На македонската ликовна сцена творечкиот пат на Момчило Аврамовски е континуиран, доследен и логично поврзан со креативно - творечките предизвици на своето време. Тој подеднакво успешно е содржан и во графиката, сликарството и цртежот, како и во скулптурата што го надополнува како ликовен торец. Од почетокот на неговата сликарска кариера, па до денес, неговото созреване и себеспознание го пратат трансформации во ликовниот израз. Фигурацијата, како почетна точка во ликовната продукција на Аврамовски, преку еден подолг процес на стилизација и деформација, се трансформира во апстрактно-експресивно остварување, честопати дефинирано како органски асоцијативен експресионизам или апстрактно-асоцијативен пејзажизам. Доследен на својот експресивен и импулсивен сензибилитет во својата понова сликарска фаза го комплетира ликовниот вокабулар кој стана препознатлив на македонската ликовна сцена.

Ова движење на релација фигурација - апстракција е присутно и во цртежот кој го работи во комбинирана техника. Цртежите се резултат на најновите истражувања на сликарските техники така што творбите на прв поглед наликуваат на графики, речиси, преку сите елементи. Уметничкото истражување во апстрактно-експресивниот цртеж понекогаш со влијание од графиката и колоритот ги сугерира духовно - катализираните визии и стремежи на авторот, преку кои со изразита љубопитност навлегува во светот на имагинарното доживување на просторот и егзистенцијата на обликот во него. Синтезата на цртежот со стилско - ликовните алтернации кон апстрактниот експресионизам, на Аврамовски му обезбедуваат современ однос кон градење на својот ликовен јазик, во кој педантноста и условната совршеност на цртежот, бојата и композицијата не водат кон стадиум на високо естетско доживуване на делото како и ликовна комуникација со севкупните уметнички струења во Македнија и пошироко.

Драгана Спасковска, историчар на уметноста



ЧУДЕН СВЕТ - ПРЕОБРАЗБА I" туш во боја



"ПРОДОР" маско на платно



"ПЕТЕЛ" масло на платно



"НЕВЕСТА" линорез



ЧУДЕН СВЕТ - ПРЕОБРАЗБА " туш во боја



"ЛАЖНИ ПРИВИДЕНИЈА" масло на платно

Издавач: НУ музеј-Куманово

За издавачот: Јовица Станковски

Организација:
Перо Величковски
Драгана Спасовска

Дизајн и компјутерска подготовка:
Александар Симоновиќ - Симо

Печати: Киме-граф Куманово

Тираж: 200

Министерство за култура
на Република Македонија



"ЖЕД" линорез гравура